# „Изработка на техничка документација за изградба на локален пат с. Бориево - с. Колешино во должина од 6,3 км“




Комуникацијата на жителите од двете села Бориево и Колешино, а особено на пензионерите и лицата со посебни потреби а отежната, поради тоа што овие две села се поврзани со пат кој е земјен, тесен и е во многу лоша состојба.

Користењето на постојниот пат или околните патишта, кои се исто така во многу лоша состојба предизвикува низа проблеми за земјоделците и тоа зголемени трошоци, загуби поради намалување на квалитетот и др. Овој пат е врска на земјоделците до главниот дистрибутивен центар во с. Колешино и до нивното обработливо земјиште во областа.

Од друга страна туристите кои доаѓаат во посета на туристичките локалитети до кои се доаѓа преку овој пат се соочуваат со несоодветна патна инфраструктура, нелагодност при патувањето и одложено време за пристигнување до посакуваната дестинација.

Со изградба на патниот правец с. Бориево - с. Колешино ќе се подобри комуникацијата меѓу граѓаните од околните населени места, ќе има подобрување на транспортот на земјоделските производи до дистрибутивните центри и до пазарите надвор од земјата . Ќе се овозможи и развој на туризмот со лесен пристап до туристичките локалитети во регионот.

## Краток преглед на проектот:

### Носител на проектот:
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

### Проектни партнери:
- Општина Босилово
- Општина Ново Село

### Времетраење:
6 месеци

### Финансиран од:
- Биро за регионален развој
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион
- Општина Босилово
- Општина Ново Село

### Цел на проектот:
Општата цел на овој проект е да се подобри локалната патна инфраструктура, а со тоа да се овозможи зголемување на економскиот развој во Југоисточниот плански регион

### Контакт:
Филип Атанасов
Ул. Боро Џони Бр. 10
2400 Струмица
Моб. 070/248-970
Тел./Факс 034/ 340-139
E-mail: fillip.atanasov@rdc.mk

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН






### Цели на проектот

Подготовка на техника документација за изградба на пат од с. Бориево до с. Колешино која се состои од подготовка на следниве документи:

- Подготовка на основен проект за изградба на пат;
- Подготовка на ревизија на основен проект за изградба на пат и мост;
- Подготовка на елаборат за геомеханички испитувања за изградба на мост;
- Подготовка на елаборат за оценка на влијанието врз животната околина на пат и мост.

### Очекувани резултати

Подготвена техника документација за изградба на пат од с. Бориево до с. Колешино која се состои од следниве документи:

- Подготвен основен проект за изградба на пат;
- Подготвена ревизија на основен проект за изградба на пат и мост;
- Подготовен елаборат за геомеханички испитувања за изградба на мост;
- Подготовен елаборат за оценка на влијанието врз животната околина на пат и мост.